# ИЗБОРЕН ТЕСТ ЗА БМО 2026

Недела, 19. Април 2026

**Задача 1.** Нека $\triangle ABC$ е разностран со опишана кружница $k$. Од надворешната страна на $\triangle ABC$ се конструирани рамнокраки $\triangle BAK$, $\triangle BCL$ и $\triangle ACM$ со основи $BA$, $CB$ и $AC$, сооодветно, така што $\angle ABK + \angle BCL + \angle CAM = 90^\circ$ и точките $K$, $L$, $M$ не лежат на $k$. Нека $S$ е втората пресечна точка на $k$ со опишаната кружница на $\triangle AKM$, а вторите пресечни точка на $k$ со $LS$, $MS$ и $KS$ се $A'$, $B'$ и $C'$, соодветно. Докажете дека правите $AA'$, $BB'$ и $CC'$ минуваат низ заедничка точка.

**Задача 2.** Определете ги сите позитивни цели броеви $a, b$ такви што $a \mid b^2 + 1$ и $b \mid a^2 + 1$.

**Задача 3.** За низата $a_0, a_1, a_2, \ldots$ велиме дека е *просечна* ако за секој ненегативен цел број $i$, важи $a_i \leq a_{i+1}$ и $a_{i+3} \leq a_i + a_{i+2}$. Определете го најмалиот позитивен цел број $p$ за кој постои просечна низа $a_0, a_1, a_2, \ldots$ таква што за секој ненегативен цел број $i$ важи

$$\frac{a_{i+p}}{a_i} > \frac{a_{i+1}}{a_i} + \frac{a_{i+2}}{a_{i+1}} + \cdots + \frac{a_{i+p}}{a_{i+p-1}}.$$

**Задача 4.** Нека $G$ е сврзан граф со барем две темиња. Темињата на $G$ претставуваат градови а ребрата двонасочни патишта. Вкупно $k$ дипломати се распоредени во темињата на $G$. Секој *потег* се состои од избирање теме $v$ кое има барем онолку дипломати колку што е степенот $\deg_G(v)$, и испраќање на по еден дипломат долж секое инцидетно ребро со $v$ до соседните темиња на $v$.

Определете ја најголемата можна вредност за $k$ таква што, за секое почетно распоредување на $k$ дипломати во темињата на $G$, секоја можна низа од потези е конечна.

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА

*Време: 4 саати и 30 минути.*
*Секоја задача вреди 10 поени.*